European Social Survey

# Човечките вредности во современ контекст

**проф. д-р Елеонора Серафимовска**
Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Скопје
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

14 март, 2023

**europeansocialsurvey.org**

ESS is a European Research Infrastructure Consortium (ESS ERIC)

- Што се човечки вредности и што е нивната улога во човечкиот живот?
- Зошто се важни и зошто е важно да се истражуваат?
- Како се мерат човечките вредности во ЕОИ? Кратко објаснување на Скалата за човечки вредности
- Резултати од десеттиот бран за Република Македонија
- Споредба со другите земји во Европа
- Кој, што, како и зошто можат да се користат овие податоци на скалата за човечки вредности од ЕОИ?



European Social Survey

## ❑ Што се човечки вредности и што е нивната улога во човечкиот живот?

- Вредностите се верувања, неразделно врзани со емоции, а не со објективни идеи.
- Вредностите се мотивациски конструкт. Тие се однесуваат на посакуваните цели што луѓето се трудат да ги постигнат.
- Вредностите ги надминуваат специфичните активности и ситуации. Тие се апстрактни цели. Апстрактната природа на вредностите ги разликува од концепти како норми и ставови, кои обично се однесуваат на специфични дејства, предмети или ситуации.
- Вредностите водат кон избор или проценка на активности, политики, луѓе и настани. Вредностите служат како стандарди или критериуми.
- Вредностите се подредуваат според важноста. Вредностите на луѓето формираат уреден систем на вредносни приоритети што ги карактеризираат како индивидуи. Оваа хиерархиска карактеристика на вредностите ги разликува и од нормите и ставовите.



## ❑ Зошто се важни и зошто е важно да се истражуваат човечките вредности?



➢Вредностите се важни зошто ги одредуваат нашите ставови и однесување

➢Важни за индивидуата и општеството

1 - Лично прифаќање

2 - Јасна комуникација, Односи со другите

3 - Помош во донесување одлуки

4 - Личен развој

5 - Индивидуално изразување

6 - Срцето на една култура








| ВРЕДНОСТ и главна цел | Human values scale Прашања |
|---|---|
| **МОЌ**<br><br>**Социјален статус и престиж, контрола или доминација над луѓето и ресурсите.** | *За него/неа е важно да биде богат/а. Тој/таа сака да има многу пари и скапи работи.***=богатство/пари**<br>*За него/неа е важно да добие почит од другите. Тој/таа сака луѓето да го прават она што тој/таа го вели.*=**почит од други** |
| **ПОСТИГНУВАЊЕ**<br><br>**Личен успех преку демонстрација на компетентност според социјалните стандарди.** | *За него е важно да ги покаже своите способности. Тој сака луѓето да му се восхитуваат на она што тој го прави.*=**способности**<br>*Да се биде многу успешен е важно за него. Тој се надева дека луѓето ќе ги препознаат неговите достигнувања.*=**успешност** |
| **ХЕДОНИЗАМ**<br><br>**Сетилно задоволување.** | *Тој ја бара секоја шанса да може да се забавува. За него е важно да прави работи што му даваат задоволство.*=**забава/задоволство**<br>*За него е важно да си помине убаво. Сака да се „расипува“ себеси.*=**уживање** |
| **СТИМУЛИРАЊЕ**<br><br>**Возбуда, новина и предизвик во животот.** | *Тој сака изненадувања и секогаш бара нови работи што треба да ги направи. Тој смета дека е важно да се прават многу различни работи во животот.*=**отвореност кон ново**<br>*Тој бара авантури и сака да ризикува. Тој сака да има возбудлив живот.*=**авантури/возбуда** |
| **САМОНАСОЧУВАЊЕ**<br><br>**Независна мисла и избирање на акција, создавање, истражување.** | *Размислувањето нови идеи и креативноста се важни за него. Тој сака да ги извршува работите на свој оригинален начин.*=**идеи/креативност**<br>*За него е важно да донесе сопствени одлуки за тоа што го работи. Тој сака да биде слободен и да не зависи од другите.*=**слобода во одлучување** |

| ВРЕДНОСТ и главна цел | прашања |
|---|---|
| **УНИВЕРЗАЛИЗАМ**<br><br>**Разбирање, благодарност, толеранција и заштита на благосостојбата на сите луѓе и на природата.** | *Таа смета дека е важно секоја личност во светот да се третира еднакво. Таа верува дека секој треба да има еднакви можности во животот.*=**еднаквост**<br>*За неа е важно да слуша луѓе кои се различни од неа. Дури и кога не се согласува со нив, таа сепак сака да ги разбере.*=**разбирање**<br>*Таа силно верува дека луѓето треба да се грижат за природата. Грижата за околината е важна за неа.*=**грижа за природата** |
| **БЛАГОНАКЛОНЕТОСТ**<br><br>**Зачувување и унапредување на благосостојбата на лицето со кое е во чест личен контакт.** | *За неа е многу важно да им помага на луѓето околу неа. Таа сака да се грижи за нивната благосостојба.*=**помагање**<br>*За неа е важно да биде лојална на своите пријатели. Таа сака да им се посвети на луѓето блиски до неа.*=**лојалност** |
| **ТРАДИЦИЈА**<br><br>**Почитување, посветеност и прифаќање на обичаите и идеите што нечија култура или религија ги наметнуваат на поединецот.** | *За неа е важно да биде скромна. Таа се обидува да не го свртува вниманието кон себе.*=**скромност**<br>*Традицијата е важна за неа. Таа се обидува да го следи обичајот што го пренесува нејзината религија или нејзиното семејство.*=**традиционалност** |
| **КОНФОРМИЗАМ**<br><br>**Воздржаност во постапки, склоности и импулси кои можат да ги вознемират или оштетат другите и да ги нарушат социјалните очекувања или норми.** | *За неа е важно секогаш да се однесува правилно. Таа сака да избегне да прави било што луѓето би рекле дека не е во ред.*=**правилно однесување**<br>*Таа верува дека луѓето треба да го прават она што ќе им биде кажано. Таа смета дека луѓето треба да ги следат правилата во секое време, дури и кога никој не ги гледа.*=**послушност** |
| **БЕЗБЕДНОСТ**<br><br>**Безбедност, хармонија и стабилност на општеството, на односите и на самото себе.** | *За неа е важно да живее во безбедна околина. Таа избегнува се што може да ја загрози нејзината безбедност.*=**безбедност**<br>*За неа е важно Владата да ја осигура нејзината безбедност од сите закани. Таа сака државата да биде силна за да може да ги брани своите граѓани.*=**потреба од цврста влада** |

Два начини на претставување на резултатите:

1) Процентуално

1=Воопшто не е сличен на мене

2=Не е сличен на мене

3=Малку сличен на мене

-------------------------------------------------

4=Донекаде сличен на мене

5=Сличен на мене

6=Многу сличен на мене

Проценти на луѓе кои ја немаат оваа вредност

Проценти на луѓе кои ја имаат оваа вредност

2) Средна вредност=просечен скор


European
Social
Survey
10ти бран: Република Македонија: вредности
100
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
77.7
49.9
86.8
70.1
90.9
69.7
66.2
85
81.5
62.3
81.6
90.5
75.5
87.5
45
81.6
70.7
89.9
86.3
86.6
57.1
идеи/креативност
богатство/пари
еднаквост
способности
безбедност/сигурност
отвореност кон ново
послушност
разбирање на другите
скромност
уживање
слобода во одлучување
помагање
успешност
потреба за цврста влад
авантури/возбуда
правилно однесување
почит од други
лојалност
грижа за природата
традиционалност
забава/задоволство
Проценти на луѓе кои ја имаат оваа вредност
Проценти на луѓе кои ја немаат оваа вредност
ess-search.nsd.no
europeansocialsurvey.org

<u>Вредности што се поседуваат во најголем степен (над 90% од испитаниците ја имаат оваа вредност во помал или поголем степен)</u>

**Да се живее во безбедна околина**: *За неа е важно да живее во безбедна околина. Таа избегнува се што може да ја загрози нејзината безбедност.*

**Помагање:** *За неа е многу важно да им помага на луѓето околу неа. Таа сака да се грижи за нивната благосостојба*

**Лојалност**: *За неа е важно да биде лојална на своите пријатели. Таа сака да им се посвети на луѓето блиски до неа.*

<u>Вредности што се поседуваат во најмал степен (45-50% од испитаниците ја имаат оваа вредност во помал или поголем степен)</u>

**Авантури и возбуда**: *Тој бара авантури и сака да ризикува. Тој сака да има возбудлив живот.*

**Богатсво и пари:** *За него е важно да биде богат. Тој сака да има многу пари и скапи работи.*

**Забава/задоволство:** *Тој ја бара секоја шанса да може да се забавува. За него е важно да прави работи што му даваат задоволство.*

**Уживање**:*За него е важно да си помине убаво. Сака да се „расипува“ себеси.*

European Social Survey

# вредности изразени со просечна вредност, 10ти бран



## 10ти бран: Република Македонија, изразеност на вредностите (просек)



# По што сме исти, а по што различни во Европа????



| По што не се разликуваме | По што се разликуваме |
|---|---|
| **САМОНАСОЧУВАЊЕ**<br>**Независна мисла и избирање на акција, создавање, истражување.**<br>**Просечна вредност 4.1-4.6** | **МОЌ**<br>Социјален статус и престиж, контрола или доминација над луѓето и ресурсите |
| **СТИМУЛИРАЊЕ**<br>**Возбуда, новина и предизвик во животот**<br>**Просечна вредност 3.2-3.7** | **ПОСТИГНУВАЊЕ**<br>Личен успех преку демонстрација на компетентност според социјалните стандарди. |
| **УНИВЕРЗАЛИЗАМ**<br>**Разбирање, благодарност, толеранција и заштита на благосостојбата на сите луѓе и на природата.**<br>**Просечна вредност 4.6-4.9** | **ТРАДИЦИЈА**<br>Почитување, посветеност и прифаќање на обичаите и идеите што нечија култура или религија ги наметнуваат на поединецот. |
| **БЛАГОНАКЛОНЕТОСТ**<br>**Зачувување и унапредување на благосостојбата на лицето со кое е во чест личен контакт.**<br>**Просечна вредност 4.2-4.8** |  |

# Универзални противречности

**КОНФОРМИЗАМ**

**Воздржаност во постапки, склоности и импулси кои можат да ги вознемират или оштетат другите и да ги нарушат социјалните очекувања или норми.**

**За неа е важно секогаш да се однесува правилно. Таа сака да избегне да прави било што луѓето би рекле дека не е во ред.**

**Таа верува дека луѓето треба да го прават она што ќе им биде кажано. Таа смета дека луѓето треба да ги следат правилата во секое време, дури и кога никој не ги гледа.**

**БЕЗБЕДНОСТ**

**Безбедност, хармонија и стабилност на општеството, на односите и на самиот себе.**

**За неа е важно да живее во безбедна околина. Таа избегнува се што може да ја загрози нејзината безбедност.**

**За неа е важно владата да ја осигура нејзината безбедност од сите закани. Таа сака државата да биде силна за да може да ги брани своите граѓани.**

**„Важно е да се биде богат, да се имаат пари и скапи работи“**

Проценти на испитаници кои го гледаат ова како вредност



Проценти на испитаници за вредноста:
„Важно е да се покажат своите способности и да се добива восхит од другите“



## Проценти на испитаници кои ја имаат вредноста:
## *Државата да биде силна за да ги штити сите граѓани, Владата да ја осигура безбедноста на луѓето*



## Проценти на испитаници кои ја имаат вредноста:
## *да се искористи секоја шанса за забава и правење работи кои даваат задоволство*



- Кој, што, како и зошто можат да се користат овие податоци на скалата за човечки вредности од ЕОИ?

вредносен систем како основа за градење на образовни политики

улогата на вредносниот систем во надворешната политика на државата

вредносен систем како основа за испитување и градење на организациска култура

вредносен систем како основа за градење на медиумски политики

вредносен систем кој се пренесува преку културата

вредносен систем кој мора да се има предвид при градење на национални стратегии за климатски промени

улогата на вредносниот ситем при градење на социјални политики (родови односи, партнерски релации, семејни врски и релации)



„Кога размислувале за нови политики, владите во минатото честопати не знаеле за преференциите и потребите на своите граѓани. Сега европските влади имаат извор за спротивставување на тоа незнаење.“

Professor Sir Roger Jowell CBE
Co-founder of the European Social Survey



## Contact

eleonora@isppi.ukim.edu.mk

europeansocialsurvey.org

EuropeanSocialSurvey

European-Social-Survey

ESS_Survey

EuropeanSocialSurveyERIC

**Благодарам на вниманието**

European Social Survey